**АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА ФОН**

Република Северна Македонија
АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН
Бр. 01-17/5
26.05. 2026 год.
СКОПЈЕ

AUE
American University of Europe-FON
FON

# Б И Л Т Е Н

**БРОЈ 271**

**Скопје, 26.05.2026**

# С О Д Р Ж И Н А:


1. Рецензија за избор на еден наставник, во сите наставно – научни звања по стручно уметнички предмети, од областите: 6.04.00.02 – Применета уметност и дизајн и 6.04.00.08 – Друго (Мултидисциплинарен дизајн).......................4733
2. Рецензија за избор на еден уметнички соработник од научните области: 6.04.00.02 – Применета уметност и дизајн и 6.04.00.08 – Друго (Моден дизајн)..........................................................................................................4739

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР/РЕИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ ПРЕДМЕТИ, ОД ОБЛАСТИТЕ: 6.04.00.02 – ПРИМЕНЕТА УМЕТНОСТ И ДИЗАЈН И 6.04.00.08 – ДРУГО (МУЛТИДИСЦИПЛИНАРЕН ДИЗАЈН) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДИЗАЈН И МУЛТИМЕДИЈА НА АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА ФОН – СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Американски Универзитет на Европа ФОН - Скопје, објавен согласно член 172 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/18, Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/21, бр. 58/24 и бр. 124/25), за избор на наставник, во сите наставно-научни звања по стручно-уметнички предмети, од областите: 6.04.00.02 – Применета уметност и дизајн и 6.04.00.08 – Друго (Мултидисциплинарен дизајн) и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија на Американски Универзитет на Европа ФОН - Скопје, донесена на 30.03.2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:

проф. м-р Стефан Јакимовски (претседател);

проф. м-р Костадин Танчев (член),

проф. д-р Татјана Кандиќан (член).

На објавениот конкурс за избор на наставник, во сите наставно-научни звања по стручно-уметнички предмети, од областите: 6.04.00.02 – Применета уметност и дизајн и 6.04.00.08 – Друго (Мултидисциплинарен дизајн), во предвидениот рок се пријави кандидатот доц. м-р Марк Јанура.

Врз основа на приложената документација поднесена од страна на кандидатот, како и врз основа на неговата научна, стручна и педагошка дејност Рецензентската комисија има чест да го достави следниот извештај:

# И З В Е Ш Т А Ј

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Доц. м-р Марк Јанура е роден во Скопје во 1985 година. Своето академско образование го започнува на Факултетот за ликовни уметности при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, каде што дипломира на одделот Графика и графички дизајн. Подоцна, неговиот интерес за интердисциплинарен пристап во дизајнот го води кон Машинскиот факултет при истиот универзитет, каде што магистрира на насоката Индустриски дизајн и маркетинг со магистерски труд на тема „Биоинспирирани кинетички структури за примена во дизајнот, архитектурата и уметноста". Со овие студии тој ја заокружува својата формална едукација, комбинирајќи ја уметноста со научна методологија.

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ

Во наставно-образовната дејност, доц. м-р Марк Јанура од 2021 година е дел од академскиот кадар на Факултетот за дизајн и мултимедија при АУЕ-ФОН, каде што изминатите пет години ги има предавано следните предмети: Дизајн на книга, Типографија и знаковни системи 1, Типографија и знаковни системи 2, Дизајн истражување, Визуелна комуникација 1, Карактер дизајн, Визуелна комуникација 2, Арт портфолио, Основи на цртање модна силуета, Модна илустрација, Анимација, Индустриски дизајн, Дизајн за социјални медиуми и UI/UX дизајн. Неговата педагошка работа се одликува со постојано проширување на наставната програма и воведување нови содржини кои ја следат динамиката на современиот дизајн.

Оценувањата од страна на студентите, спроведени од Комисијата за самоевалуација на ФДМ, за доц. м-р Марк Јанура секоја година резултираат со висока оценка. Доц. м-р Марк Јанура активно учествува во факултетските комисии и е активен и во организацијата на завршните годишни изложби на Факултетот за дизајн и мултимедија.

## НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ

Научно-истражувачката дејност на доц. м-р Марк Јанура е богата и разновидна. Во изминатите пет години тој објавува трудови кои се занимаваат со разликите меѓу уметноста и дизајнот, функцијата на медиумите во визуелната комуникација, влијанието на раскажувањето врз визуелната порака, како и со примена на биоинспирирани кинетички

структури во дизајнот, архитектурата и уметноста. Неговите трудови се презентирани на меѓународни конференции во Варна и Ниш и други академски средишта и научни журнали, што сведочи за неговата активна улога во научната заедница и за неговата заложба да ја поврзе локалната практика со глобалните истражувачки текови.

*2021*
"Differences Between Art and Design"

**Asst. prof. MSc Mark Janura, 2021, "Differences Between Art and Design", Visions - International Social Sciences Magazine, issue No. 38 (page 113)**

VISIONS JOURNAL issue No. 38 – VISIONS
Vizione 38, Finale, Stud and scien. Journal 2022 version - final.pdf - Google Drive

*2022*
"The function of media in visual communication"
Asst. prof. MSc Mark Janura, 2022, "The function of media in visual communication", Department of Marketing, University of Economics – Varna 5th Jubilee International Scientific Conference "Remarketing the Reality" (page 357)
conference.ue-varna.bg
Reality-remarketing-2022.pdf

*2022*
"How storytelling affects visual communication"
Asst. prof. MSc Mark Janura, 2022, "Art & Design", University of Nish, Faculty of Art in Nish, Serbian Academy of Science& Art, Branch of SASA in Nish 10th National Scientific Forum with International Participation – Balkan Art Forum 2022 (page 30)
The tenth national scientific forum with international participation BALKAN ART FORUM 2022 – 7th and 8th October, 2022 - Faculty of Arts Nis
KNJIGA APS BARTF 2022
Umetnost i kultura danas: interakcija : knjiga aps | COBISS Plus

*2022*
"Bio-inspired kinetic structures"
Asst. prof. MSc Mark Janura, 2022, "Bio-inspired kinetic structures", Mechanical Engineering - Scientific Journal, Vol. 40
Bio-inspired kinetic structures | Repository of UKIM
648.BIO-INSPIRED KINETIC STRUCTURES | MECHANICAL ENGINEERING – SCIENTIFIC JOURNAL
View of 648.BIO-INSPIRED KINETIC STRUCTURES

*2022*
**"Bionic-inspired kinetic structures for application in design, architecture and art"**

Asst. prof. MSc Mark Janura, 2022, “Bionic-inspired kinetic structures for application in design, architecture and art”, South East European Journal of Architecture and Design, Volume 2022
Vol. 2022 (2022): SEE J Archit Des | South East European Journal of Architecture and Design
Bionic-Inspired Kinetic Structures for Application in Design, Architecture and Art | South East European Journal of Architecture and Design
View of Bionic-Inspired Kinetic Structures for Application in Design, Architecture and Art
Bionic-Inspired Kinetic Structures for Application in Design, Architecture and Art

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКАТА ДЕЈНОСТ

Во стручно-уметничката дејност, доц. м-р Марк Јанура се истакнува со самостојни изложби како „Микро универзум“ (Скопје, 2021) изложба на слики акрил на платно и гваш техника и „Помеѓу структурата и тишината“ (Гевгелија, 2025) изложба на графички дела во техника фотолитографија, како и со учество на групни изложби и биеналиња, меѓу кои се „Гласот на бојата и каменот“ (Скопје, 2023) каде учествува со дела акрил на платно и Триенале на графика, Графичка работилница Софија (Скопје, 2024) каде учествува со графики во техника длабок печат акватинта. Дополнително доц. м-р Марк Јанура учествува како ментор во графичка работилница „Графичка точка” (Скопје, 2025).

- Самостојна изложба „Меѓу тишината и структурата“, Национална установа Музеј – Гевгелија / Уметничка галерија АМАМ – Гевгелија
- Самостојна изложба „Микро универзум“, ЈУ Дом на култура Кочо Рацин – Скопје
- Групна изложба „Гласот на бојата и каменот“, Галерија Порта Македонија – Скопје
- Триенале изложба на графики, Графичка работилница Софија, Културно-информативен центар КИЦ – Скопје
- “Графичка точка” организирана од страна на IKON - Association for Culture & Sofija printmaking во МКЦ – Скопје.
  *Ментор на изложбена работилница за традиционални графички техники во низок и висок печат

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА НА АУЕ-ФОН

Покрај наставата, доц. м-р Марк Јанура активно учествува во развојот на меѓународната соработка на Американскиот Универзитет на Европа ФОН - Скопје како Координатор за меѓународна соработка и глобални иницијативи и Erasmus+ универзитетски координатор, со што значајно придонесува за интернационализација на универзитетот.

Во периодот од 2021 до денес, доц. м-р Марк Јанура е координатор на повеќе Erasmus+ проекти, меѓу кои и стратешки партнерства за трансдисциплинарни балкански студии. Неговата улога во овие иницијативи е од суштинско значење за развојот на универзитетот и воспоставување на соработки со универзитетите во регионот и пошироко.

- 2025-1-MK01-KA131-HED-000326948 - Mobility of higher education students and staff (Erasmus+)
- 2025-1-MK01-KA171-HED-000334488 - Mobility of students and staff in higher education from/to third countries not linked to Erasmus+ (Erasmus+)
- 2020-1-MK01-KA203-077824 - Strategic Partnership for Transdisciplinary Balkan Studies: Geophilosophy of the Balkans
- 2023-1-MK01-KA131-HED-000125216 - Mobility of higher education students and staff (Erasmus+)
- 2023-1-MK01-KA171-HED-000133665 - Mobility of students and staff in higher education from/to third countries not linked to Erasmus+ (Erasmus+)
- 2022-1-MK01-KA131-HED-000060324 - Mobility of higher education students and staff (Erasmus+)
- 2020-1-MK01-KA103-077517 - Mobility of higher education students and staff (Erasmus+)

## ПРОФЕСИОНАЛНА ДЕЈНОСТ ВО ПОЛЕТО НА ДИЗАЈНОТ

Паралелно со академската и уметничката работа, доц. м-р Марк Јанура е активен и во професионалната сфера на графичкиот и индустрискиот дизајн. Како основач и генерален менаџер на „Марк Јанура Дизајн“, тој повеќе од една деценија создава визуелни решенија за бројни компании и брендови, опфаќајќи лого дизајн, визуелен идентитет, печатена и дигитална медиа, дизајн на пакување, UI/UX и индустриски дизајн. Неговата работа е препознатлива по креативноста и функционалноста, а резултатите се видливи во успехот и препознатливоста на клиентите со кои соработува.

## ЗАКЛУЧОК

Доц. м-р Марк Јанура ги има исполнето Репрезентативните референци за избор на наставник, во сите наставно-научни звања по стручно-уметнички предмети, од областите: 6.04.00.02 – Применета уметност и дизајн и 6.04.00.08 – Друго (Мултидисциплинарен дизајн), односно, во годините од последниот избор, доц. м-р Марк Јанура реализирал вкупно 17 референци од 5 различни категории.

Заклучокот на Комисијата е дека доц. м-р Марк Јанура во изминатиот период реализирал значајни наставни, научни и уметнички активности, кои се одликуваат со мултидисциплинарен пристап, висока креативност и меѓународна афирмација. Неговата работа е темелна, многуслојна и со јасна визија за развој на современиот дизајн и уметност.

## ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-уметничката апликативна дејност, како и дејноста од поширок интерес на доц. м-р. Марк Јанура. Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес.

Комисијата заклучи дека доц. м-р Марк Јанура поседува научни уметнички и стручни квалитети и ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор, во сите наставно-научни звања по стручно-уметнички предмети, од областите: 6.04.00.02 – Применета уметност и дизајн и 6.04.00.08 – Друго (Мултидисциплинарен дизајн).

Согласно гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија на Американски Универзитет на Европа ФОН - Скопје, доц. м-р Марк Јанура да биде избран во звањето вонреден професор од областите: 6.04.00.02 – Применета уметност и дизајн и 6.04.00.08 – Друго (Мултидисциплинарен дизајн)

## РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

проф. м-р Стефан Јакимовски, претседател, с.р. ______________________________

проф. м-р Костадин Танчев, член, с.р. ______________________________________

проф. д-р Татјана Кандиќан, член, с.р. _____________________________________

# РЕФЕРАТ

**ЗА ИЗБОР НА УМЕТНИЧКИ СОРАБОТНИК ОД ОБЛАСТИТЕ:**
**ПРИМЕНЕТА УМЕТНОСТ И ДИЗАЈН – 6.04.00.02 И ДРУГО (МОДЕН ДИЗАЈН) – 6.04.00.08,**
**НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДИЗАЈН И МУЛТИМЕДИЈА**
**НА АМЕРИКАНСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на објавениот конкурс согласно член 172 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 82/18, Службен весник на Република Северна Македонија бр 178/21 и бр. 58/24, 124/25) објавен на 09.04.2026 година и дополнување на конкурсот објавен на 10-13.04.2026 година, со што се додава нова алинеја во точката 3, со кој АУЕ-ФОН распиша конкурс за уметнички соработник и засновање работен однос, од областите Применета уметност и дизајн – 6.04.00.02 и Друго (Моден дизајн) – 6.04.00.18 и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија на Американскиот универзитет на Европа – ФОН, донесена на 28.04.2026 година, формирана е Рецензиона комисија во состав: проф. м-р Никола Ефтимов, претседател, доц. м-р Медина Хоџа, член и проф. д-р Марија Ветероска, член.

На објавениот конкурс за избор на уметнички соработник по стручно-уметнички предмети, од областите Применета уметност и дизајн – 6.04.00.02 и Друго (Моден дизајн) – 6.04.00.18, во предвидениот рок се пријави кандидатот м-р Снежана Чоловиќ.

Врз основа на приложената документација поднесена од страна на кандидатка, како и врз основа на нејзината научна, стручна и педагошка дејност, Рецензионата комисија има чест да го достави следниов

# ИЗВЕШТАЈ

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Снежана Чоловиќ е родена на 01.01.1971 година во Скопје. Во 2022 година дипломирала на Факултетот за дизајн и мултимедија при Американскиот универзитетот на Европа – ФОН во Скопје, со дипломски труд на тема: „Естетиката на движењето Баухаус како инспирација во модниот дизајн", со средна оценка 9.81, при што се здобила со звање Дипломиран дизајнер од областа на моден дизајн.

На истиот факултет, во 2023 година, го завршува вториот циклус на академски студии од областа на модниот дизајн. Под менторство на доц. м-р Емилија Славкова, успешно го одбранила магистерскиот труд на тема: „Од уметност до мода: студија за влијанието на Василиј Кандински врз модниот дизајн" и средна оценка 10, и се здобила со звање Магистер на уметноста од областа на моден дизајн.

**РАБОТНО ИСКУСТВО**

2019 – тековно
Американски универзитет на Европа – ФОН (АУЕ – ФОН)
*Технички соработник од областа на модниот дизајн (администрација)*
Работни обврски:

- Следење на активностите за време на предавањата
- Примери за тековни вежби
- Одржување консултации за тековните вежби
- Техничка изработка на модни парчиња и модни додатоци во соработка со студентите

2001 – 2016
Дани текс ДООЕЛ, Скопје
*Техничка изработка на модни парчиња (Кројач)*
Работни обврски:

- Производство на уникатни костими, венчаници, свечени креации и др. по нарачка

1994 – 1997
ППТУ Бурда – Самостојно модно ателје, Скопје
(сопствен бренд од областа на модата)
Работни обврски:

- Управител

2001 – 2016
Дани текс ДООЕЛ, Скопје
*Техничка изработка на модни парчиња (Кројач)*
Работни обврски:

- Производство на уникатни костими, венчаници, свечени креации и др. по нарачка
- Креативен директор
- Главен моден дизајнер
- Изработка на секаков вид на женска облека по порачка

1991 – 1993
Бутик Рива, Скопје
Работни обврски:

- Кроење на машки и женски костими
- Техничка изработка на машки и женски костими

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА И АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

2024
Костимографија (заедно со Ивана Балабанова и Маја Ѓуреска) за *LUMA* експериментален танцов филм во продукција на Танц Бункер колективот/ Платформа за современа уметност, премиерно прикажан во Котур на 20.11.2024 година.[1]

---

[1] 1 референца од категорија 3

1997 – 2024
Соработка со реномирани модни дизајнери и костимографи од Р. С. Македонија и регионот
Работни обврски:

- Изработка на костими за театарски претстави
- Изработка на костими за балетски претстави
- Изработка на костими за оперски претстави
- Изработка на модни парчиња за модни ревии (Папас, Викторија Арсовска, Маја Кикиритkова, КТН и др.)
- Изработка на модни парчиња за клиенти за сопствени потреби
- Изработка на модни парчиња за модни брендови и бутици

**ИЗРАБОТКА НА КОСТИМИ ЗА ТЕАТАР, ОПЕРА И БАЛЕТ**

2019
"Жени на работ на нервен слом", Театар Комедија
"Макбет", Театар Куманово
Изработка на тоги за АУЕ-ФОН Универзитет

2018
Здружение на уметници Културен центар Артес
"Партија реми", Драмски театар Скопје
"Пиреј", Прилепски театар
"Боеми", МОБ
"Мајски оперски вечери", МОБ
"Смртта на Дантон", Албански театар Скопје
"Оревокршачка", МОБ
"Поштенска банка", Театар за деца Чаир Скопје
"Мизантроп", Театар Комедија Скопје
"Еден месец на село", МНТ Скопје
"Фестен", Драмски театар Скопје
"Ана Каренина", МОБ

2017
"Атена со пенис", Драмски театар Скопје
"Интрига и љубов", Театар Куманово
"Вера, љубов, надеж", Драмски театар Скопје
"Лет над кукавичко гнездо", Драмски театар Скопје
"Како да се ограби банка", Драмски театар Скопје

2016
"Венецијански трговец", Драмски театар Скопје

**ИЗЛОЖБИ И ПРОЕКТИ ВО ОБЛАСТА НА МОДНИОТ ДИЗАЈН**

06/2024
"Завршна изложба на студентите од АУЕ-ФОН", Дом на АРМ (Групно излагање и асистенција во изработка на студентски модни парчиња)

06/2024
“Професори и студенти”, МКЦ (Асистенција во изработка на студентски модни парчиња)

06/2023
“Професори и студенти”, МКЦ (Асистенција во изработка на студентски модни парчиња)

06/2023
“Завршна изложба на студентите од АУЕ-ФОН”, Дом на АРМ (авторско учество на групна изложба и асистенција во изработка на студентски модни парчиња)[2]

2022
“Завршна изложба на студентите од АУЕ-ФОН”, Дом на АРМ (авторско учество на групна изложба и асистенција во изработка на студентски модни парчиња)[3]

2022
*Skopje Fashion Week* (Авторско учество на модна ревија)[4]

2022
*Skopje Fashion Week* (Асистенција во изработка на студентски модни парчиња)

2021
“Завршна изложба на студентите од АУЕ-ФОН”, онлајн (авторско учество на групна изложба и асистенција во изработка на студентски модни парчиња)[5]

2019
“Завршна изложба на студентите од АУЕ-ФОН”, МКЦ (авторско учество на групна изложба и асистенција во изработка на студентски модни парчиња)[6]

**Сертификати**

2024
Сертификат за дигитална мода
*"VStitcher 101" - Browzwear University*

2024
Сертификат за дигитална мода
*"Introduction to Digital Fashion" - Seamless Digital Fashion*

2018
Сертификат за кроење и шиење
Приватна образовна установа, Отворен Граѓански универзитет за доживотно учење Ванчо Прќе – Штип

**Публикувани трудови**

---

[2] 1 референца од категорија 2
[3] 1 референца од категорија 2
[4] 1 референца од категорија 2
[5] 1 референца од категорија 2
[6] 1 референца од категорија 2

2023
Академија ЕДУ (портал за научни трудови)
"Анализа на За духовното во уметноста од Василиј Кандински"

2023
Академија ЕДУ (портал за научни трудови)
"Естетиката на движењето Баухаус како инспирација во модниот дизајн"

2023
Акедимија ЕДУ (портал за научни трудови)
"Од уметност до мода - студија за влијанието на Василиј Кандински врз модниот дизајн"

**Познавање на јазици**

- Македонски (мајчин јазик)
- Англиски (*B2*) – доставено уверение
- Српски (*C2*)

**Дигитални вештини**

- *Microsoft Office*
- *Microsoft Teams*
- *Adobe Illustrator*
- *Adobe Photoshop*
- *Adobe InDesign*
- *VStitcher 3D*

**Вештини поврзани со работното место**

- Одлично познавање на системското работење на универзитет АУЕ-ФОН
- Самостојно работење во дизајн и изработка во сите фази на обликување на текстилни производи

## ЗАКЛУЧОК

Согласно член 162, став 2 и член 170, став 3 од Законот за високо образование, како и условите за избор во соработничко звање уметнички соработник од член 10 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор на наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Американскиот универзитет на Европа - ФОН од 02.07.2019 година, комисијата констатира дека кандидатот м-р Снежана Чоловиќ ги исполнува условите за избор во звањето уметнички соработник. Односно, Чоловиќ, има завршено втор циклус на академски студии и стекнати 300 ЕКТС кредити од соодветна област, има искуство во струката од 35 години, доставила сертификат за познавање на странски јазик и реализирала вкупно 6 репрезентативни референци од 2 различни категории: 2 и 3 (5 репрезентативни референци од категорија 2 и 1 репрезентативна референца од категорија 3).

Дополнително, м-р Снежана Чоловиќ прикажува особена посветеност и проактивност за поддршка на академските активности на студентите. Нејзиното техничко искуство, како и

авторскиот креативен израз, се со особено значење за функционирањето на наставниот процес на Американскиот универзитет на Европа – ФОН.

## ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензионата комисија позитивно ја вреднува и ја оценува стручната и апликативната дејност на кандидатот. Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека м-р Снежана Чоловиќ поседува стручни квалитети и ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето уметнички соработник од областите **Применета уметност и дизајн – 6.04.00.02 и Друго (Моден дизајн) – 6.04.00.18**, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија на Американскиот универзитет на Европа – ФОН во Скопје, **м-р Снежана Чоловиќ да биде избрана во звањето уметнички соработник од областите Применета уметност и дизајн – 6.04.00.02 и Друго (Моден дизајн) – 6.04.00.18.**

## РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА

1. проф. м-р Никола Ефтимов, претседател, с.р.

2. доц. м-р Медина Хоџа, член, с.р.

3. проф. д-р Марија Ветероска, член, с.р.